ТРЕТ БИЛТЕН / ОКТОМВРИ 2022

ENCOURAGE



# ENCOURAGE

## РАЗВОЈ НА КУРСЕВИ ЗА ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ЗА ОПШТИНИТЕ

### КЛУЧНИ АСПЕКТИ НА ПРОЕКТОТ:

- Прв транснационален онлајн состанок за проект одржан на 26 април 2022 година
- Воведен состанок - прв транснационален проектен состанок со физичко присуство организиран од Creative Thinking Development во Атина, Грција, на 8-ми јуни 2022 година
- Втор транснационален проектен состанок организиран од EDITC Ltd во Никозија (Кипар) на 14 Октомври 2022 година
- Финализирање на првиот резултат од проектот и развој на вториот резултат од проектот.

### ENCOURAGE НА ПРВ ПОГЛЕД...

Целта на проектот ENCOURAGE е едукација на целните групи: претставници од секторот за отпад или животна средина во општините, училишта за стручно образование и обука и носители на одлуки, за одржливо УО во согласност со националните и политиките на ЕУ и во долгорочен придонес во развојот и управувањето со отпадните ресурси на локално и на глобално ниво.



# ВТОР ПРОЕКТЕН СОСТАНОК ВО КИПАР

Вториот транснационален проектен состанок се одржа во просториите на EDITC во Никозија, Кипар, на 14 октомври 2022 година.

За време на состанокот партнерите разговараа за развојот на **Резултатот 1 од проектот- Бенчмаркинг анализа на вештини и компетенции, потреби и предизвици за одржливо управување со отпад** и финализирање на прашалникот. Партнерите се согласија дека ќе има четири прашалници, односно **Прашалник за бенчмаркинг анализа и Прашалници за наставниците од стручните училишта, вработените и претставниците на раководниот кадар во општините** и поставија рокови за спроведување на анкетата и извештаите кои секој партнер да ги изработи.

Партнерите, исто така, разговараа за развојот на **Резултатот 2 од проектот - Профил за квалификација за Специјалист за управување со отпад со употреба на нивоа на NQF/EQF** и ги договорија следните чекори.



# РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЕКТОТ:

## ПРОЕКТЕН РЕЗУЛТАТ 1:

### БЕНЧМАРКИНГ АНАЛИЗА НА ВЕШТИНИ И КОМПЕТЕНЦИИ, ПОТРЕБИ И ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

**Целта на бенчмаркинг анализата е да обезбеди оценка на моменталната ситуација во однос на вештините и компетенциите на целните групи за одржливо управување со отпад и нивните потреби и предизвици со кои се соочуваат во практичната имплементација на барањата на законодавството во врска со управувањето со отпад (УО).**

## ПРОЕКТЕН РЕЗУЛТАТ 2:

### ПРОФИЛ ЗА КВАЛИФИКАЦИЈА ЗА СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД СО УПОТРЕБА НА НИВОА НА NQF/EQF

**Профилот на квалификација за Специјалист за управување со отпад со употреба на нивоа на NQF/EQF има за цел да обезбеди основни елементи и препораки за развој на дескриптори на секторски квалификации за профилот Специјалист за управување со отпад.**



## СЛЕДНИ ЧЕКОРИ...

- Завршување на Проектен Резултат 1 - Бенчмаркинг анализа на вештини и компетенции, потреби и предизвици за одржливо управување со отпад
- Подготовка на нацрт верзија на Проектен Резултат 2 - Профил за квалификација за Специјалист за управување со отпад со употреба на нивоа на NQF/EQF
- Следен транснационален проектен состанок во Скопје, Северна Македонија во јуни 2023 година

**КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:**
**Contentplus, Вроцлав, Полска**

Project Website:
https://encourage.projectsgallery.eu/



**ПАРТНЕРИ:**

| | | |
|---|---|---|
| contentplus.pl<br>Contentplus.pl, Wroclaw, Poland | STOWARZYSZENIE NA RZECZ INNOWACJI i edukacji<br>Stowarzyszenie na Rzecz Innowacji i Edukacji, Radom, Poland | cre thi dev<br>Creative Thinking Development, Rafina, Greece |
| IECE INSTITUTE FOR RESEARCH IN ENVIRONMENT CIVIL ENGINEERING AND ENERGY<br>Institute for Research in Environment, Civil Engineering and Energy, Skopje, North Macedonia | EdiTC EDUCATION & INFORMATION TECHNOLOGY CENTRE<br>EDITC LIMITED, Nicosia, Cyprus | ZRS Bistra PTUJ<br>Znanstveno-raziskovalno središče Bistra Ptuj, Ptuj, Slovenia |

Ко-финансирано од Европска Унија

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.